СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 01/25

Излегува по потреба 04.02.2025 година (вторник) бр. 01 година XXIX
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал)

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал), што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/2
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци ("Службен гласник на Општина Новаци бр.7/19), Советот на Општина Новаци Новаци на 61 седница одржана на ден 30.01.2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ
на Општина Новаци периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал)

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува тримесечниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал).

Член 2

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во Буџетот на општина Новаци за Периодот **01.01.2024** до **31.12.2024** година изнесува

		Збирни приходи и расходи Кварт4	Буџет за 2024 година		Наменска дотација за 2024 година		Самофинанс активности за 2024 година		Донации за 2024година		Кредити за 2024година		Вкупно за 2024 година		
			План	Реализиро	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	План	Реализирано	Остана крај на 2024
		ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:													
		ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ	90.382.761	60.459.145	47.084.502	46.285.434	1.090.000	568.219	16.800.000	777.332	0	0	155.357.263	108.090.130	47.267.133
		ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ	94.451.190	86.358.846	46.798.502	46.283.212	1.020.000	568.219	800.000	704.000	0	0	143.069.692	133.914.277	9.155.415
		КАПИТАЛЕН БИЛАНС:													
		ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ	57.455.654	60.226.006	0	0	0	0	0	0	0	0	57.455.654	60.226.006	-2.770.352
		ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	53.387.225	33.206.693	286.000	0	70.000	0	16.000.000	0	0	0	69.743.225	33.206.693	36.536.532

Член 3

Планираните и остварените приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансите на приходи и расходи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за црквата „Св. Богородица“ с. Паралово

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за црквата „Св. Богородица“ с. Паралово, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/3
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 7/2019 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за црквата „Св. Богородица“ с. Паралово

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 20 000,00 денари, за набавка на градежен материјал, за реставрација на црквата „Св. Богородица“ с. Паралово.

Член 2

Градежниот материјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 87/5
30.01.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ с. Маково

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ с. Маково, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/4
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 7/2019 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ с. Маково

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 20 000,00 денари, за набавка на градежен материјал, за изградба на настрешница на манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ во с. Маково.

Член 2

Градежниот материјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 87/6
30.01.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Заклучок за усвојување на Барање од Мери Стојановска, с.Новаци

1. Се прогласува, Заклучок за усвојување на Барање од Мери Стојановска, с. Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/5
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 18 став 1 точка 6 и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.01.2025 година донесе:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Барање од Мери Стојановска
с. Новаци

1. Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 30.01.2025 год., го разгледа Барањето од Мери Стојановска од с. Новаци, за подмирување на патни трошоци направени поради посета на редовни часови во ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола, од страна на нејзината малолетна ќерка Сара Стојановска и донесе Заклучок за негово усвојување.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 87/7
30.01.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово

1. Се прогласува, Одлука за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/6
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 7/2019 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на ден 30.01.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Основен проект за поставување на урбана опрема - настрешници и тезги за пазар од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 87/8
30.01.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 год.

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/7
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.01.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 година, бр. 05-888/4 од 31.12.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 87/9
30.01.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува,Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 г., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.01.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-158/8
03.02.2025г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.01.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 година, бр. 19-129/1 од 28.01.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14- 87/10
30.01.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал);
2. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за црквата „Св. Богородица“ с. Паралово;
3. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ с. Маково;
4. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Барање од Мери Стојановска с. Новаци;
5. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово;
6. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024г.;
7. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 година.

Издавач: Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка: 749014004563010 Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939